Друштво на писателите
на Македонија
Бр. ДПМС-12-2025
17.5. 2025 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 23 став 1 алинеја 7 од Законот за здруженија и фондации („Сл. весник на РМ“ бр. 52/2010, 135/2011, 55/2016 и 239/2022) и член 24 став 1 алинеја 1 од Статутот на Друштвото на писателите на Македонија, Собранието на Друштвото на писателите на Македонија на ден 17.5.2025 година усвои измени и дополнувања во веќе усвоениот на 1.6.2024 г.

С Т А Т У Т

на

ДРУШТВО НА ПИСАТЕЛИ НА МАКЕДОНИЈА

(пречистен текст)

УВОДНИ ОДРЕДБИ

Друштвото на писатели на Македонија е основано на 13 февруари 1947 г. и е најстаро такво здружение во земјата.

Друштвото на писатели на Македонија е независно, непрофитно здружение во кое врз доброволна основа се здружуваат и членуваат писатели, со цел остварување и заштита на своите професионални, авторски и други заеднички и/или индивидуални права и интереси, како и за унапредување и афирмација на македонската литература во земјата и во светот.

Со овој Статут се утврдуваат називот и седиштето, целите и задачите на Друштвото на писатели на Македонија, формата на здружување и внатрешната организација на органите, условите и начинот на зачленување и престанок на членството, правата и обврските на членовите на Здружението, начинот на застапување и на претставување на Здружението, финансирањето, начинот за внесување измени и дополнувања на Статутот, како и за престанок на Здружението.

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Називот на Здружението гласи: ДРУШТВО НА ПИСАТЕЛИ НА МАКЕДОНИЈА – Скопје.

Краткиот назив на Здружението гласи: ДПМ Скопје.

Седиштето на Здружението е на ул. МАКСИМ ГОРКИ бр. 18 СКОПЈЕ, Општина ЦЕНТАР.

Во меѓународната комуникација Здружението ќе го користи следниов назив на англиски јазик: Macedonian Writers' Association.

Член 2

ДПМ како Здружение своите цели, задачи и дејности ги остварува во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, релевантните законски одредби, Статутот и внатрешните акти на Здружението.

Фотокопирањето е извршено на 08-07-2025 година во Централниот регистар на Република Северна Македонија. Копијата е верна на оригиналот што се наоѓа во збирката прилози.

Референт:

Член 3

Во рамките на ДПМ се забранува секаков вид политичко или верско организирање.

Ниеден член на организацијата не смее да го користи своето членство како начин за реализација на верски или политички интереси во рамките на ДПМ и од име на ДПМ.

ПЕЧАТ И ШТЕМБИЛ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 4

Здружението има свој печат и штембил.

Печатот на Здружението е тркалезен и го содржи името на Здружението на македонски јазик со кирилично писмо: ДРУШТВО НА ПИСАТЕЛИ НА МАКЕДОНИЈА – Скопје, а на средината стои амблемот на Здружението, односно стилизирана претстава на свиток и перо.

Штембилот има форма на правоаголник, во кој со кирилица е впишано „ДРУШТВО НА ПИСАТЕЛИ НА МАКЕДОНИЈА“, број и празен ред за впишување на бројот, датум, Скопје.

Здружението дејствува на територијата на Република Северна Македонија.

ЗАКОН ЗА ЗДРУЖЕНИЈА И ФОНДАЦИИ

Член 5

Здружението е оформено и работи во согласност со Уставот и законите на Република Северна Македонија, особено вклучувајќи го Законот за здруженија и фондации.

Член 6

По усвојувањето на Актот за основање и овој Статут од страна на Собранието на Здружението, ова Здружение претставува правно лице од денот кога е регистрирано во Регистарот на други правни лица при Централниот регистар на Република Северна Македонија, но и надвор од нејзините граници.

ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 7

Здружението го претставува и застапува претседателот, кој може овластувањата целосно или делумно да ги пренесе на:

- потпретседателот
- трето лице што презема активности во интерес на Здружението, или активности поврзани со реализација на конкретен проект во согласност со целите на Здружението.

Пренесувањето на овластувањето е отповикливо во секој момент.

08 -07- 2025
во Централниот регистар на Република Северна Македонија. Копијата е верна на оригиналот што се наоѓа во збирката прилози.
Референт:

ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 8

Цели на Здружението:

- да ги застапува и да ги штити правата и интересите на своите членови, пред сѐ, авторските права;
- да го штити и подобрува статусот на македонскиот писател, особено имајќи ги предвид висината на авторските хонорари и социјалниот статус на своите членови;
- да го промовира творештвото на македонските писатели, како и творештвото на македонските уметници воопшто;
- да го истражува, дооткрива, вреднува и афирмира книжевното и културното наследство создавано во Македонија, или на каков и да е начин поврзано со Македонија.

Член 9

Задачи на Здружението:

- создавање можности на членството за негово ангажирање со цел промоција на сопственото и на туѓото творештво, во насока на афирмација на македонската, балканската, европската и светската книжевност и култура;
- одржување на традиционалните манифестации на Здружението, со цел обезбедување на историскиот континуитет на Здружението;
- одбележување значајни денови, празници и јубилеи од македонската книжевност и култура;
- издавање гласила, во печатена и во електронска форма, како и издавање други книжевни дела, списанија и брошури, и нивна промоција;
- изготвување проекти и аплицирање до домашни и до странски фондови и донатори со цел реализација на предвидените проекти.

ПРИНЦИП НА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 10

Друштвото на писатели на Македонија се организира по принцип на индивидуално членство, а дејствува на територијата на Република Северна Македонија, но и надвор од нејзините граници.

КРИТЕРИУМИ ЗА ЧЛЕНСТВО

Член 11

Член на Здружението може да биде секој граѓанин на Република Северна Македонија, автор на најмалку две книжевни дела што доживеале забележлива критичка

08 -07- 2025
Република Северна Македонија
Копијата е верна на оригиналот што се наоѓа во збирката прилози.
Референт:

рецепција или јавен успех, со што претставуваат придонес за македонската култура. Член на ДПМ може да биде и секој странски државјанин што твори на македонски јазик или на конкретен начин ја афирмира македонската книжевност во и надвор од земјата.

Член на Здружението може да биде секое лице што ги исполнува условите од овој член, без оглед на полот, расата, етничката, верската, политичката припадност и социјалниот статус.

Член 12

Секое лице што ги исполнува условите може да се зачлени во Здружението со поднесување Барање за членство со кое изјавува дека ги прифаќа Статутот и другите акти на Здружението.

Барањето ги содржи следниве податоци: име и презиме, адреса, телефонски број и мејл (електронска пошта).

Во прилог на Барањето лицето доставува најмалку по еден примерок од најмалку две свои објавени дела, био-библиографска белешка, една препорака од активен член на Здружението и најмалку два критички прикази за негови објавени дела и други соодветни докази од кои може да се утврди дека ги исполнува условите за зачленување.

Техничкиот секретар на Здружението врши прием и по административна проверка на добиените Барања ги доставува до Управниот одбор.

Управниот одбор на некоја од наредните седници, но не подоцна од шест (6) месеци од приемот на барањето, ги разгледува Барањата и донесува одлука за зачленување, доколку се исполнети бараните услови.

Новоприемениот член на Здружението треба да потпише пристапница и да ја подмири годишната членарина со цел да се стекне со статус на активен член.

ОДРЕДБИ ЗА ЧЛЕНСТВО

Член 13

Здружението за своите членови води Регистар, кој се ажурира од страна на комисија формирана од Управниот одбор.

Неопходно е при промена на лични податоци, телефонски броеви и адреси, членовите навреме да го известат за тоа Управниот одбор на Здружението.

Ажурирањето се прави најмалку еднаш годишно, а задолжително најмалку 15 дена пред одржување на Собрание.

Член 14

Во согласност со Законот за заштита на лични податоци, загарантирана е анонимноста на личните податоци на членовите што тоа го бараат.

Член 15

Покрај редовни членови, во Здружението може да членуваат и почесни членови со исти права и обврски. Почесно членство им се доделува на истакнати општествени личности, научни, културно-уметнички и други дејци и на заслужните за развивање на меѓународната соработка и пријателство.

06-07-2025
Евидентирано е извршено по
во Централниот регистар на Република Северна
Македонија. Копијата е верна на оригиналот што се
наоѓа во збирката прилози.
Референт:

Почесен член може да биде државјанин на Република Северна Македонија или странски државјанин.

По предлог на Управниот одбор, почесното членство го прогласува Собранието.

ПРАВА И ОБВРСКИ НА ЧЛЕНОВИТЕ

Член 16

Членовите на Здружението ги уживаат следниве права:

- да учествуваат во работата на Здружението и во неговите органи во согласност со овој Статут;
- да предлагаат решенија и иницијативи за работи од заеднички интерес, а во согласност со целите и задачите на Здружението;
- да избираат и да бидат избрани во органите на Здружението;
- да даваат предлози и забелешки за работата на органите и телата на Здружението;
- да имаат увид во работењето на Здружението, вклучувајќи го и материјалното и финансиското работење;
- да бидат информирани за активностите на Здружението;
- да користат други права и привилегии во согласност со Статутот и внатрешните акти.

Членовите на Здружението ги имаат следните обврски:

- да дејствуваат во насока на остварување на целите и задачите на Здружението;
- да ги почитуваат Статутот, Етичкиот кодекс, другите внатрешни акти на Здружението и одлуките што ги носат органите на Здружението;
- активно да учествуваат во остварувањето на целите, задачите и програмата на Здружението, да предлагаат проекти и да учествуваат во активностите кои од нив произлегуваат;
- да присуствуваат на редовните и вонредните Собранија на Здружението, како и на други состаноци поврзани со работата на Здружението;
- редовно да плаќаат членарина, со што се здобиваат со статус на активни членови.

ПАСИВНО И ПОЧЕСНО ЧЛЕНСТВО

Член 17

Членовите на Здружението кои нема да ја платат годишната членарина до истекот на календарската година за која се однесува членаринаta, стануваат пасивни членови;

Поради потребата од ажурирање на Регистарот на активни членови во годината на одржување редовно изборно Собрание, доколку активните членови не ја платат членаринаta еден месец пред неговото одржување, стануваат пасивни;

Пасивните членови на Здружението ги уживаат истите привилегии како и активните, но немаат право на учество во Собранието на Здружението и немаат право да учествуваат како кандидати за наградите што ги доделува Здружението, или како членови на жири-комисии;

Пасивниот член може да ги подмири неисплатените годишни членарини и да се стекне со статус на активен член, и на тој начин да ги ужива придобивките од тој статус,

Фотокопирањето е извршено на 08-07-2025 во Централниот регистар на Република Северна Македонија. Копијата е верна на оригиналот што се наоѓа во збирката прилози.

Референт:

односно да учествува во Собранието на Здружението, да ги бира и да биде избран во органите на Здружението;

Во одредени случаи, Управниот одбор може да ги ослободи од плаќање членарина оние членови на Здружението што припаѓаат на социјално ранливи категории.

Член 18

Почесниот член нема право да гласа и да биде гласан во структурите на Здружението, нема право да врши увид во материјалното и финансиското работење на Здружението.

Почесниот член е обврзан да ги почитува интересите, целите и задачите на Здружението и да не ги повредува со своето однесување.

Доколку се утврди дека почесниот член постапува спротивно на начелата, целите, задачите и интересите на Здружението во постапка пред Судот на честа, Собранието ќе донесе одлука за отповикување на доделеното почесно членство на членот.

Против оваа одлука не е дозволена жалба.

ПРЕСТАНОК НА ЧЛЕНСТВО

Член 19

Членството во ДПМ престанува по следниве основи:

- ако членот достави писмена изјава со која истапува од ДПМ;
- ако членот не ги подмирил своите годишни членарини во период од шест (6) месеци по последното писмено укажување;
- ако пасивниот член не подмири пет (5) последователни членарини.
- ако по наод на Судот на честа, а со потврдување на одлуката од страна на Управниот одбор, се утврди дека членот ги прекршил одредбите на Статутот, Етичкиот кодекс, интерните акти и одлуките на органите на ДПМ.

Член 20

Доколку настапи некој од условите предвидени во член 19, за престанок одлучува Управниот одбор на првата наредна седница, за што го известува членот.

Членот има право да поднесе жалба на одлуката во рок од 15 (петнаесет) дена до Управниот одбор.

Во случај Управниот одбор да ја потврди одлуката, престанокот на членството во Здржението го констатира Собранието.

Престанокот на членство се евидентира во Регистарот на членови.

АДМИНИСТРАТИВНИ ОРГАНИ

Член 21

Административни органи на Здружението се:

Биланс на состојба е евидентиран под 08-07-2025 во Централниот регистар на Република Северна Македонија. Копијата е верна на оригиналот што се наоѓа во збирката прилози.

Референт:

- Собрание
- Управен одбор
- претседател
- Суд на честа.

СОБРАНИЕ

Член 22

Собранието е највисок орган на Здружението и во него членуваат сите членови на Здружението што ги исполнуваат условите за активно членство утврдени во овој Статут.

Член 23

Собранието се состанува најмалку еднаш годишно, на состанок што го свикува претседателот, кој е истовремено и претседател на Управниот одбор на Здружението, по пат на испраќање покани до членството најмалку 15 дена пред Собранието. Сите состаноци на Собранието се јавни и на нив се води записник, освен ако Собранието се согласило да донесе одлука во врска со некое специфично прашање по пат на тајно гласање.

Член 24

Надлежности на Собранието се:

- го донесува, спроведува, менува и дополнува Статутот;
- усвојува измени и дополнувања во Правилникот за работење на УО;
- усвојува годишен извештај и финансиски извештаи;
- избира претседател на Здружението, членови на Управниот одбор и членови на Судот на честа;
- донесува Деловник за својата работа;
- усвојува годишен финансиски план и завршна сметка, вклучувајќи го и износот на членарина;
- го одобрува членството на Здружението во други здруженија, асоцијации и меѓународни асоцијации;
- одлучува за формирање на комисии и други органи во рамки на седницата на Собранието;
- одлучува за формирање на трговско друштво;
- одлучува во втор степен на одлуките донесени од Управниот одбор, како и по жалби во врска со случаи на кршење на статутарни одредби;
- го разгледува и усвојува годишниот извештај на Управниот одбор поднесен од претседателот;
- донесува одлуки и препораки за прашања поврзани со работата на Здружението;
- донесува одлуки и критериуми за доделување признанија и награди;
- одлучува по други прашања од интерес на Здружението;
- врши други работи предвидени со закон;
- донесува одлука со двотретинско мнозинство за престанок на Здружението.

08-07-2025
Фотокопијата на овој документ е веродостојна со Централниот регистар на Република Северна Македонија. Копијата е верна на оригиналот што се наоѓа во земрата прилози.

Член 25

Седници на редовното Собрание свикува и нив ги води претседателот на Здружението.

Член 26

Во случај на негово отсуство седниците ги води потпретседателот на Здружението.

Член 27

Вонредна седница на Собранието се свикува по итна потреба од страна на претседателот на Здружението по сопствена иницијатива, по предлог на Управниот одбор или по писмено барање на една третина од членовите на Здружението.

Вонредна седница на Собранието се одржува најдоцна во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето за одржување.

Член 28

Ако претседателот на Здружението во рок од 14 дена на даденият предлог не ја свика седницата, неа ја свикува Управниот одбор или иницијаторите на Собранието. Начинот на свикување на седниците на Собранието на Здружението се определува со деловник на работа на Собранието.

Член 29

Собранието полноважно одлучува ако се присутни повеќе од една половина од вкупниот број активни членови.

Собранието одлуките по правило ги носи со мнозинство гласови од присутните членови.

Одлуките се донесуваат со јавно гласање, а Собранието може да одлучи за тајно гласање.

Член 30

Од седницата на Собранието се води записник, кој се усвојува на првата следна седница на Собранието.

Записникот го составуваат двајца (2) записничари кои се избираат со мнозинство гласови од присутните членови, а по предлог на самото членство.

Записникот го потпишуваат претседателот на Здружението и двајцата записничари, а го оверуваат двајца (2) членови на Собранието кои не се дел од управните органи и кои се избираат по предлог на Собранието со мнозинство гласови од присутните.

За процедурата на тајно гласање се формира Верификациона комисија од три (3) члена од членовите на Собранието, која ги брои гласовите.

Членовите на Верификационата комисија се избираат со мнозинство гласови од присутните членови на Собранието, а по предлог на самото членство.

За резултатите од изборите Верификационата комисија составува посебен записник, кој станува составен дел од записникот за одржаното Собрание.

Фотокопирањето е изградено на 08-07-2025 во Централниот регистар на Република Северна Македонија. Копијата е верна на оригиналот што се наоѓа во збирката списи.

УПРАВЕН ОДБОР

Член 31

Управниот одбор е извршен орган на Здружението и се состои од 7 (седум) членови. Управниот одбор го сочинуваат претседателот на Здружението и 6 (шест) членови избрани од составот на Собранието.

Член 32

Секој член од Одборот има еднакви права, обврски и одговорности за работењето и развојот на Здружението.

Мандатот на членовите на Управниот одбор трае 2 (две) години, со можност за еден реизбор.

Управниот одбор од своите членови избира потпретседател, кој го заменува претседателот во негово отсуство.

Член 33

Надлежности на Управниот одбор се:

- ги организира и се грижи за тековните активности на Здружението;
- ги подготвува седниците на Собранието, вклучително и изборните собранија;
- предлага, но и одобрува и уредува предложени измени и дополни во Статутот на Здружението што треба да бидат усвоени од Собранието;
- изготвува и донесува правилници за работа и други интерни акти, како и тарифници, ценовници и паушали неопходни за правилно и непречено работење на Здружението;
- на конститутивната седница по изборното Собрание, од своите редови бира потпретседател на Здружението и го назначува за втор потписник на сметката на Здружението, покрај претседателот;
- донесува годишна програма за работа на Здружението поднесена од претседателот;
- донесува одлуки за награди, пофалници и признанија;
- се грижи за наменско користење на приходите и средствата на Здружението;
- одговара за управувањето со имотот на Здружението;
- води грижа за кореспонденцијата и воопшто за архивата на Здружението;
- води меѓународна соработка од разни дејности;
- одлучува за склучување на работни договори со потребниот технички персонал и со други лица, во насока на остварување на целите на Здружението;
- одлучува за подготовка и печатење на стручна и друг вид литература, во согласност со целите на Здружението;
- одлучува за износот на годишната членарина во Здружението;
- одлучува за прием на нови членови во Здружението;
- одлучува за прекин на членство;
- одлучува по жалби и приговори поднесени од членството или од органите на Здружението;
- го ажурира најмалку еднаш годишно Регистарот на членови на Здружението;
- по потреба одржува заеднички состаноци со Судот на честа и/или со членството;

08-07-2025
Македонија. Копијата е верна на оригиналот што се
наоѓа во збирката прилози.

- подготвува периодични и годишни извештаи за својата работа;
- предлага основање на трговско друштво;
- врши други работи што произлегуваат од Статутот, интерните акти и одлуките на Собранието.

Член 34

Седниците на Управниот одбор се свикуваат по потреба, а најмалку еднаш на два месеца, но не повеќе од десет (10) седници во текот на една година.

Вонредните седници на Управниот одбор се свикуваат по итна потреба, но не повеќе од три (3) седници во текот на една година.

Член 35

Управниот одбор работи и одлучува на седници и притоа се води Записник.

Управниот одбор за својата работа е одговорен пред Собранието на Здружението.

Седниците на Управниот одбор ги свикува претседателот, а во негово отсуство, потпретседателот на Здружението.

Предлог за свикување седница на Управниот одбор може да поднесе една третина од членовите на Собранието, мнозинство од членовите на Управниот одбор, како и мнозинство од членовите на Судот на честа.

Начинот на свикување на седниците и начинот на работење на Управниот одбор се уредува со Правилник за работа на Управниот одбор.

Управниот одбор одлучува полноважно ако на седницата има кворум од минимум четири (4) присутни членови.

Одлуките на Управниот одбор се донесуваат со мнозинство гласови од присутните членови.

Одлуките, по правило, се донесуваат со јавно гласање.

Член 36

Во случај некој член на Управниот одбор, поради оставка или каква и да е друга причина, да престане да биде дел од Одборот уште пред истекот на мандатот, ќе биде кооптиран нов член, односно оној што следува според бројот на гласови при последниот избор на Управен одбор од страна на Собранието.

Можат да бидат кооптирани најмногу тројца членови од Управниот одбор. Доколку и по третото кооптирање се случи член на Управниот одбор да престане да биде дел од Управниот одбор на ДПМ, претседателот е должен да свика вонредно изборно Собрание.

ПРЕТСЕДАТЕЛ

Член 37

Мандатот на претседателот на Здружението трае две години, со право на еден реизбор.

За претседател на Друштвото на писателите може да се кандидира секое лице коешто е член на Здружението најмалку пет години.

08-07-2025
Согласноста е изработена...
Македонија. Копијата е верна на оригиналот што се наоѓа во збирката прилози.
Референт:

Член 38

Претседателот ги извршува следниве работи:

- ги спроведува планот и програмата на Здружението, усвоени од Собранието и од Управниот одбор;
- задолжен е за раководење со канцеларијата, административното и деловното работење;
- потписник е на банкарските сметки на Здружението;
- изготвува Годишен наративен извештај за работа на Здружението;
- изготвува детален и сеопфатен Годишен финансиски извештај на Здружението;
- го претставува и застапува Здружението во согласност со овластувањата утврдени со овој Статут, пред националните, регионалните и меѓународните организации и други институции;
- поднесува периодични и годишни финансиски и наративни извештаи за својата работа до Управниот одбор на Здружението;
- одржува редовни контакти со донаторите, партнерските организации и мрежите на организации и други институции;
- врши други работи што произлегуваат од Статутот, одлуките на Собранието, Управниот одбор и другите интерни акти на Здружението;
- за својата работа одговара пред Собранието и пред Судот на чест.

ДРУГИ ТЕЛА И ОРГАНИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Суд на чест

Член 39

Судот на чест е орган на Здружението што ги решава постојните спорови помеѓу членовите на Здружението, одлучува за судир на интереси, како и за дисциплинска одговорност на членовите и изрекува мерки во согласност со Статутот.

Судот на чест е составен од пет (5) члена кои се избираат од Собранието по предлог на членовите на Управниот одбор и истовремено не можат да бидат членови на други органи на Здружението.

Мандатот на членовите на Судот на чест трае две (2) години, со право на еден реизбор.

Доколку некој член, од каква и да е причина, ја напушти функцијата во Судот на чест, Управниот одбор заедно со другите членови на Судот на чест, избира нов член од членството на Здружението.

Член 40

Судот на чест може да одлучува доколку на седницата се присутни повеќе од половина од членовите.

Судот на чест ја има својата конститутивна седница во рок од 30 дена од изборот на членовите. На оваа седница, Судот бира претседател кој ги свикува и води седниците.

Седниците на Судот на чест се свикуваат по потреба.

08-07-2025
Централниот регистар на Република Северна Македонија. Копијата е верна на оригиналот што се наоѓа во збирката прилози.
Референт:

Потпретседател на Здружението

Член 41

Потпретседателот на Здружението се избира од членовите на Управниот одбор на неговата прва конститутивна седница. Тој му помага на претседателот во извршувањето на административните, стручните, финансиските, техничките и организациско-кадровските работии во водењето на седниците.

Еден е од потписниците на жиро-сметката, а врши и други итни работи во Здружението.

Член 42

Потпретседателот одговара за својата работа пред претседателот на Здружението, пред Управниот одбор и пред Судот на честа.

ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА

Член 43

Работата на Здружението е јавна.

Јавноста во работењето спрема своите членови Здружението ја остварува преку редовни состаноци на кои органите и телата поднесуваат извештаи за работењето, во чие разгледување рамноправно учествуваат сите членови.

Јавноста спрема своите симпатизери и поширокатa заедница Здружението ја остварува преку писмени информации до медиумите, конференциите за печат, сопствени публикации и други информативни гласила, настапи на електронските медиуми, повикување на средствата за информирање на седниците и состаноците од кои можат самостојно да информираат, отворени манифестации достапни за поширокатa јавност и други облици на информирање.

ФИНАНСИРАЊЕ

Член 44

Здружението за остварување на целите и задачите за работите наведени во овој Статут стекнува средства на следниов начин:

- од членарина
- од донации
- од спонзорства
- од трговски друштва
- од издавачка дејност
- од други извори на средства, согласно со Закон.

Користењето и располагањето со средствата на Здружението добиени на начини наведени со овој член се вршат со Закон и Статут на Здружението.

Фотокопирањето е направено на 08-07-2025 во Централниот регистар на Република Северна Македонија. Копијата е верна на оригиналот што се наоѓа во збирката списи.

Средствата се распределуваат и утврдуваат со финансискиот план на Здружението, кој го донесува Собранието.

Член 45

Здружението донесува годишен финансиски план за приходи и расходи со кој се утврдуваат:

приходите:

- од членаринатa
- од донациите
- од спонзорствата
- од трговските друштва
- од издавачката дејност
- од други средства, врз основа на изготвена, понудена програма (проект)

расходите:

- за активностите на Здружението
- за материјалните трошоци во работата
- за издавачка дејност
- за наменски фондови
- за плати за вработените
- за заедничка потрошувачка на вработените
- за други расходи поврзани со работата на Здружението.

Член 46

Здружението има своја жиро-сметка.

ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА СТАТУТОТ

Член 47

Измените и дополнувањата на Статутот се вршат со постапка предвидена со овој Статут.

Иницијатива за измени и дополнувања на овој Статут можат да поднесат органите на Здружението, комисиите и група членови на Здружението, но не помала од една третина од вкупниот број членови.

Измените и дополнувањата ги утврдува Управниот одбор со мнозинство гласови од вкупниот состав на Управниот одбор, а одлуката за измена и дополнување на Статутот ја усвојува Собранието на Здружението.

ПРЕСТАНОК НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 48

08 -07- 2025
во Централниот регистар на Република Северна Македонија. Копијата е верна на оригиналот што е наога во збирката прилози.

Здружението престанува со работа во следниве случаи:

- ако е донесена одлука за тоа на Собранието на Здружението со двотретинско мнозинство
- ако не се остваруваат целите и задачите за кои е формирано Здружението
- ако настапат причини утврдени со закон.

Член 49

Претседателот е должен за околностите од став 1 од член 48 да го извести Основниот суд Скопје 2 Скопје во рок од 15 дена по нивното настанување.

Во случај на престанок на работата на Здружението, по подмирувањето на обврските, имотот и средствата на Здружението ќе се отстапат на Црвениот крст на Република Северна Македонија.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 50

Измени и дополнувања на овој Статут се вршат по иста постапка како и за неговото донесување.

Член 51

Толкувањето на одредбите од овој Статут го дава Собранието.

Член 52

Измените што го дополнуваат Статутот од 1.6.2024 г. стапуваат во сила со нивното усвојување од Собранието.

ДРУШТВО НА ПИСАТЕЛИ НА МАКЕДОНИЈА
Претседател:

Живко Грозданоски

17.5.2025

ДРУШТВО НА ПИСАТЕЛИ НА МАКЕДОНИЈА ДПМ Скопје

Фотокопирањето е извршено на 08-07-2025 во Централниот регистар на Република Северна Македонија. Комплетна е верна на оригиналот што се чува во збирката пратежи.